Ригидноста на бугароцентричниот ум

DEC 13, 2019 | СТАВОВИ

Реакцијата[1] на Собранието на Бугарската Академија на Науките – БАН (поттикната од Повелбата за Македонскиот Јазик на МАНУ од 3.12.2019) — во којашто се вградени мислењата на трите Института при БАН, Институтот за бугарски јазик „Проф. Љубомир Андрејчин", Институтот за историски истражувања и Кирило-Методиевскиот научен центар – ја актуализира, експлицитно, бугарската конзервативна и бугароцентрична научна парадигма за јужнословенските јазици, а имплицитно, бугарската пристрасна јазична политика.[2]

Секој систем (langue) на т.н. природни јазици какви што се македонскиот и бугарскиот, се темели врз одлики кои се востановени дијахрониски, во рамки на некој историски процес, во специфични општествено-политички, културни и контактно-комуникациски околности во простор и време (parole, language). Живата реч е подложна на секојдневни тековни промени, а јазичниот систем се менува побавно, но сепак се менува. Последните три века, 19, 20 и 21 век, особено од периодот на создавање национални држави во Европа и на Балканот, како и подоцна, во ерата на новите технологии, медиуми и комуникации, доаѓа до порадикални системски промени во структурата на јазиците (синхрониски). Таквите јазични законитости се одразиле нагласено врз јазиците кои припаѓаат на иста јазична група (сојуз, лига). Тоа се огледа врз примерот на бугарскиот, македонскиот и српскиот јазик, кои се дел од општословенските и од јужнословенските јазици, ама се подложни и на

---

[1] Съобщение на Ръководството на Българската академия на науките, 11.12.2019 (http://www.bas.bg/2019/12/11/съобщение-на-ръководството-на-българ)

Становище на Института за български език „Проф. Любомир Андрейчин" на БАН (http://www.bas.bg/wp-content/uploads/2019/12/Становище-ИБЕ.pdf)

Становище на Кирило-Методиевския научен център (www.bas.bg/wp-content/uploads/2019/12/Становище-КМНЦ.pdf)

Становище на Института за исторически изследвания – БАН (http://www.bas.bg/wp-content/uploads/2019/12/ Становище-ИИстИ.pdf)

[2] „Официалният език на Република Македония представлява писмено-регионална норма на български язик" (в. *Единството на българския език в миналото и днес*. – Български език, кн. 1, 1979; http://www.promacedonia.org/bugarash/ed/scans/skanove.htm).

влијанија од балканскиот јазичен сојуз, а денес и од глобалистичките, главно англофони, текови.

Првичната средновековна стандардизација на словенските јазици, во тој контекст и на македонскиот, и на бугарскиот јазик, е препознаена во старословенската матрица, подоцна обележана и од црковнословенскиот стандард. Старословенската матрица ги имала предвид и народните говори на Македонците од солунско, и кристијанската литургиска и сакрална функција. Народните говори, пак, најверојатно во себе содржеле јазични елементи од постарите говорни матрици на Источното римско царство (Византија), народни и службени (коине). Со тек на време, во период од 12 столетија (од 9-ото до 21-ото), соседните јазици се доближувале еден до друг и се оддалечувале еден од друг, зависно од општествените констелации. Колку повеќе јазиците биле во жив меѓусебен говорен допир (поради територијална, комуникациска или институционална блискост), толку повеќе заемно влијаеле еден врз друг. Веќе во 10, 11 и 12 век, се почувствувале оддалечувањата меѓу македонските и бугарските говори, до толку повеќе што Охридската Книжевна Школа се залагала за опстанок на Глаголичкото писмо, додека Преславската (од 883 г.) се залагала за (новото) Кирилично писмо/азбука. И македонскиот црковнословенски, и бугарскиот, биле пишувани на повеќе писма, не само на старословенската глаголична и кирилична азбука (Којне-грчкиот алфабет, некогаш на Латинично писмо, особено денес, во глобалистичката констелација). Сите јужнословенски јазици се кодифицирале, институционално, во време кога се создавале нивните национални државни институции и сите се стремеле да ги изразат своите говорни специфики и традиции во новите јазични норми.

Иако црковнословенскиот код бил со векови општословенски, низ вековниот развој се создала свест за спецификите на бугарскиот, хрватскиот, рускиот, српскиот и македонскиот говор (денес и пошироко). Тие говорни специфики уште повеќе дошле до израз по однос на живите народни говори, дијалекти и идиоми. Колку повеќе се конзервирала црковнословенската матрица, толку повеќе се динамизирале живите народни идиоми. Колку порано се создале државни и национални установи кои се грижеле за употребата на стандардните книжевни говори, толку повеќе се зголемувала стабилноста на тие (кодифицирани) јазични системи.

Од друга страна, интеркултурните односи се историска константа на Балканот, што се должи на фактот дека над две илјади години тука владееле големи империи (античко-македонската, римската,

византиската, отоманската). Македонскиот и бугарскиот народ биле дел од тие големи империи и природно биле насочени еден кон друг, како што впрочем тоа бил и е случај со сите соседни народи, јазици и култури. Освен тоа, некогашната јазична блискост се должела и на државни декрети, уставни и законски.

Но, секогаш било битно да се одвива непречено и слободно општењето меѓу луѓето во секојдневниот живот. Македонците почесто мигрирале кон Бугарија, особено во 19 и 20 век, одошто Бугарите кон Македонија. Доаѓало не само до јазични, туку и до економски, образовни, културни, семејни и други егзистенцијални контакти меѓу луѓето. Поради тоа, симптоматичен дел од современата бугарска нација е обележан (и) од македонскиот етно-културен елемент. Имено, даѓало до дискретни економски и политички процеси од страна на востановените државни институции во соседството врз Македонците чијшто стремеж се остварил подоцна, во рамки на југословенската федерација (1944) и потоа, во независна Република Македонија (1991). За жал, политиките на дискретни и индискретни притисоци врз македонското население да се изјаснува дека е бугарско или грчко по род, и денес се актуелни.

Јазичните политики секогаш биле и се дел од државните политики. Поради тоа, не би требало да се повикуваме некритички на документи кои биле рефлексија и алатка на таквите политики (на етничка, јазична, некогаш и верска) конверзија како аргумент за негација или афирмација на еден национален идентитет. Но, затоа, можеме да го почитуваме правото на соседот да ги толкува јазичните и културно-историските факти од гледна точка на својот национален и државен интерес, а особено од гледна точка на историската еволуција. Затоа, можеме да ги почитуваме хуманистичките и цивилизациски придобивки на еднакви права на индивидуално и колективно самоопределување артикулирани во Повелбата на ОН и во редица други универзални декларации за човековите права.

Македонскиот јазик е стварност. Македонскиот јазик е развиен и автономен јазичен систем. Стандардниот македонски литературен код е богат и продуктивен, ако се мери според огромниот книжевно-уметнички опус создаден на македонски јазик. Од македонски јазик на други светски јазици, вклучително и на бугарски, се преведени стотици дела. На македонски јазик се преведени илјадници дела, почнувајќи од Светото писмо, до Илијадата и Одисејата, светската класика и современата светска книжевна и научна мисла.

Бугарските писатели, Бугарскиот ПЕН центар, бугарските преведувачи одамна го имаат признато македонскиот јазик, а за нас порелевантно е мислењето на писателите од она на политичарите. Погледнете ја антологијата Современи македонски поети на бугарски јазик (Софија, Свободнопоетическо општество и Бугарски ПЕН, 1998) и прочитајте го ставот на бугарските писатели и преведувачи за тешкотиите на коишто наишле при преводот на македонската поезија (приредена од академик Г. Старделов). За идентитетите на јазиците не се суди само врз основа на колоквијалните и дијалектните идиоми и функционални стилови, туку и врз основа на книжевно-уметничкиот говор, а би рекла и врз основа на јазично-стилските матрици на филозофскиот и научниот говор. Македонскиот и бугарскиот јазик се богати јазици и не може никој да ги сведе на нивната дневна и тековна говорна матрица. Како што не може да се суди за современиот јазик само врз основа на јазичното наследство од историјата. Јазичната проблематика ги надминува рамките на политичката прагматика.

Се разбира, современиот македонски јазик има своја историја во составот на старословенскиот јазичен комплекс, која се одликува со свои развојни јазични специфики. Тоа што само македонскиот и бугарскиот јазик денес се аналитични јазици не докажува дека тие се идентични, туку дека и двата јазика имале постари јазични слоеви, особена јазична меморија. Во современиот македонски јазик, впрочем, се сочувани падежните форми во структурата на релативните заменки. И францускиот, и англискиот јазик се аналитични, па тоа не значи дека се идентични на македонскиот.

Во структурата на македонскиот јазик се вградени десетици дијалекти. Востановена е и македонистика како комплекс од лингвистички научни дисциплини кои го проучуваат македонскиот јазик како систем, како состав од дијалектни практики, како јазично-историска категорија, со своја граматика (фонологија, морфологија, синтакса, семантика, дијалектологија) и стилистика, со свој мемориски, културен и духовен код. Ценетата Бугарска Академија на Науките би било добро да се повика на меѓународните атласи во чијашто работа доаѓа до израз научната објективност, акрибичност и непристрасност. Не е доволно да се служи со податоци вградени во бугарскиот матичен атлас на дијалекти. Македонските дијалекти се протегаат вон границите на денешна Република Македонија и тој факт е легитимен и признат од меѓународната и славистичката дијалектологија. Научната свест треба да биде суптилна и сензибилна, а не рамнодушна на еволутивните процеси и новите констелации и сознанија.

Враќање нема, уважени колеги: македонскиот јазик постои и е признат во сите меѓународни институции, регистри, документи, атласи… Колку побрзо тоа го уважите, толку побрзо ќе ги надминете сопствените предрасуди, анимозитети и стигмата на далечното минато време, кое за нас е под признакот на старословенската писменост на Македонските Словени, а за вас под признакот на старобугарската писменост.

Со сета почит кон вашата историја на бугарскиот јазик, очекуваме почит и од ваша страна кон историјата на македонскиот јазик. Нема да се враќаме на постарите периоди и библиските наративи, кога можеби човештвото зборувало на еден јазик, па во тој контекст, можеби и нашите народи. Нас ние интересира почитување на современите научни парадигми, а тие недвосмислено го вградиле македонскиот јазик како легитимен претставник на големата група на словенски и индоевропски јазици. Финесите на историската еволуција, како рефлексија на финесите на колективната свест, нека бидат предмет на натамошни научни проучувања.

Македонскиот и бугарскиот јазик биле поблиски кога сме имале поблизок и поцивилизиран дијалог меѓу народите, културите и луѓето. Тоа е показ дека колку повеќе се разликува нашиот поглед на свет, толку повеќе ќе се разликуваат и нашите јазици. Ниеден природен јазик не е вештачка творба, иако се кодифицира во рамки на државните институции, на предлог на научните. Во македонскиот современ јазик е одразена слика на свет различна од онаа во бугарскиот. Ако продолжиме да живееме во различни, непомирливи, спротивставени светови, нашите јазици ќе доживеат уште поголеми разлики, како и нашите слики и искуства со светот.

Последниве 70 години македонскиот и бугарскиот јазик се оддалечуваат еден од друг интензивно, поради тоа што комуникацијата меѓу македонскиот и бугарскиот народ беше сведена на минимум, а јазиците можат да влијаат еден врз друг само ако постои богата и слободна комуникација меѓу луѓето и институциите. Со политика на непочитување на реалните општествени околности не може да се поттикне современата и идна македонско-бугарската комуникација и интеркултурна размена.

Редно е БАН, како водечка и референтна научна установа на Р. Бугарија, да го признае постоењето на македонскиот јазик, не оти без тоа признание македонскиот јазик нема да постои и да се развива, туку затоа што тоа е предуслов за да се води рамноправен и цивилизиран дијалог меѓу современите народи. Затоа што, нели, жив дијалог водат живи лица, во современи и актуелни околности, мислејќи на блиската

иднина, а не духовите на минатото, не нереалните квази-романтичарските платформи.

Политичката меморија е селективна, но јазичната меморија е слоевита и богата. Таа не зависи од политичката волја и коректност, туку се протега отаде дневно-политичкиот интерес. Јазичната меморија има свои начела, духовни, благородни, творечки, морални, емотивни, да не речам сакрални. Не е време да ја профанираме јазичната стварност со негации и злоупотреби. Време е за заемна почит за доброто на двата народа. За општо добро — онаа категорија на којашто не ретко забораваме, секогаш на штета на она што сме сега-и-тука и што можеме да бидеме во блиска иднина.

Навистина е тешко да се сфати како една нација која има толку експлицитни романтичарски емоции спрема другата и која се идентификува со другата, сепак си допушта толку експлицитна негаторска реторика (ако Македонците се Бугари, тогаш според таа логика, Бугарите се Македонци, сеедно како се нарекуваат самите себе!)!

Големите умови пронаоѓаат патишта и кај што ги нема, а вие, имам впечаток, ги затворате и оние патишта кои постојат и оние што неодамна ги отворивме со соработката меѓу бугарската и македонската академија. Хуманистичките науки ја промислуваат историјата без забрани, а вие предлагате ултимативни решенија, без исклучок бугароцентрични. А знаеме сите дека денес не е време за центризми, ни за европоцентризам, а камоли за бугароцентризам.

Впрочем, зарем убавината не е во плурализмот на перспективите? Зарем треба да го заробиме умот? Зарем не ни се доволно трагедиите од минатото, па ни требаат нови, денес?

Академик Катица ЌУЛАВКОВА

Скопје, 13.12.2019

The rigidity of the bulgarocentric thought

DEC 13, 2019 | ATTITUDES

The reaction of the Assembly of the Bulgar Academy of Sciences – BAN (triggered by the MANU Charter on Macedonian Language of 3.12.2019) – incorporating the opinions of the three BAN Institute, Bulgar Language Institute "Prof. Ljubomir Andrejchin", Institute for Historical Research and Cyril and Methodius Scientific Center – implicitly actualizes the Bulgar conservative and Bulgarocentric scientific paradigm for the South Slavic languages, and implicitly the Bulgarian biased language policy.

Every langue system of Natural languages such as Macedonian and Bulgarian are based on features that are established diachronically, within a historical process, in specific socio-political, cultural and contact-communication environments in space and time (parole, language). Living Word is subject to daily changes, and the language system changes slowly but firmly. The last three centuries, the 19th, 20th and 21st centuries, especially since the creation of nation-states in Europe and the Balkans, and later, in the era of new technologies, media and communications, have led to more radical systematic changes in the structure of languages (synchronous). Such linguistic legitimacy has had a profound impact on the languages belonging to the same linguistic group (alliance, league). This is reflected in the example of the Bulgar, Macedonian and Serbian languages, which are part of the general Slavic and South Slavic languages, but are also susceptible to influence from the Balkan linguistic alliance (balkanization), and from today globalistic, mainly anglicization, currents.

Initial medieval standardization of Slavic languages, in that context in both Macedonian and Bulgarian, is recognized in the Old Slavic Matrix, later marked by the Church Slavonic standard. The Old Slavic Matrix also took into consideration the folk speeches of the Macedonians from Thessaloniki, and the Christian liturgical and sacred function. Folk speech, on the other hand, probably contained linguistic elements from the older speaking matrices of the Eastern Roman Empire (Byzantium), folk and official (Koine). Over the course of 12 centuries (from the 9th to the 21st), neighboring languages became closer to each other and moved away from each other, depending on social constellations. The more the languages were in a vivid spoken touch (due to territorial, communication or institutional closeness), the more they influenced each other. Already in the 10th, 11th and 12th centuries, the distances between Macedonian and Bulgar speeches were felt,

to the extent that the Ohrid Literary School advocated the survival of the Glagolitic script, while Preslav (as of 883) advocated the (new) Cyrillic script/alphabet. Both the Macedonian Church Slavonic and the Bulgarian were written in several scripts, not just the Old Slavonic Glagolitic and Cyrillic alphabet (the Koine-Greek alphabet, sometimes in Latin alphabet, especially today, in the globalist constellation). All of the South Slavic languages were codified, institutionally, at the time when their national state institutions were created, and all tended to express their speech specifics and traditions in the new linguistic norms.

Although the Church Slavonic Code was centuries-old Slavic, centuries of development created awareness of the (different) specifics of Bulgar, Croatian, Russian, Serbian and Macedonian speech (today and beyond). Those speech specifics have become even more pronounced in terms of live folk speeches, dialects, and idioms. The more the Church Slavonic matrix was conserved, the more the living folk idioms became more dynamic. How much earlier the state and national institutions that were created took care of the use of standard literary discourses, that much greater was the stability of those (codified) language systems.

On the other hand, intercultural relations are a historical constant in the Balkans, due to the fact that over two thousand years there have been great empires (ancient Macedonian, Roman, Byzantine, Ottoman). The Macedonian and Bulgarian peoples were part of those great empires and were naturally oriented towards one another, as was the case with all neighboring peoples, languages and cultures. In addition, former linguistic closeness was also due to the state decrees, constitutional and/or legal.

But it was always important to have a smooth and free association with people in their daily lives. Macedonians more often migrated to Bulgaria, especially in the 19th and 20th centuries, than Bulgarians to Macedonia. Not only linguistic, but also economic, educational, cultural, family, and other existential contacts between people realized. Therefore, a symptomatic part of the modern Bulgar nation is marked (and) by the Macedonian ethno-cultural element. Namely, discrete economic and political processes were established by the state institutions in the neighborhood of the Macedonians whose national aspiration was realized later, within the Yugoslav federation (1944) and then in the independent Republic of Macedonia (1991). Unfortunately, the policies of discrete and indiscriminate pressure on the Macedonian population to declare themselves "Bulgar" or even "Greek"-speaking are still in place today.

Language policies have always been and are part of the state policies. Therefore, we should not refer uncritically to documents that have been a reflection and tool of such policies (of ethnic, linguistic, sometimes religious) conversion as an argument for the negation or affirmation of a national identity. But, therefore, we can respect the neighbor's right to interpret linguistic and cultural-historical facts from the point of view of their national and state interest, and especially from the point of view of historical evolution. Therefore, we can respect the humanitarian and civilizational benefits of equal rights to individual and collective self-determination articulated in the UN Charter and in a number of other universal human rights declarations.

The Macedonian language is a reality. The Macedonian language is a developed and autonomous language system. The standard Macedonian literary code is rich and productive, if measured by the huge literary and artistic opus created in Macedonian. Thousands of works have been translated from Macedonian into other world languages, including Bulgarian. Thousands of works have been translated into Macedonian, ranging from the Holy Scriptures to the Iliad and the Odyssey, world classics and contemporary world literary and scholarly thought.

The Bulgarian writers, the Bulgarian PEN Center, the Bulgarian translators have long recognized the Macedonian language, and for us the opinion of the writers is more relevant than the one of the politicians. See the Anthology of Contemporary Macedonian Poets in Bulgarian (Sofia, Svobodno Poetic Society, and Bulgar PEN, 1998) and read the views of Bulgar writers and translators on the difficulties they encountered in translating Macedonian poetry (compiled by academician G. Star). The identities of languages are judged not only on the basis of colloquial and dialectic idioms and functional styles, but also on the basis of literary-artistic speech, and I would argue also on the basis of linguistic-style matrices of philosophical and scientific speech. The Macedonian and Bulgar languages are rich languages and no one can bring them down to their daily and current speech patterns. As one cannot judge modern language solely on the basis of the linguistic heritage of history. Language issues go beyond the framework of political pragmatics.

Of course, modern Macedonian language has its own history in the composition of the Old Slavic language complex, which has its own developmental linguistic specificities. The fact that only the Macedonian and Bulgar languages are analytic languages today does not prove that they are identical, but that both languages had older language layers, particular linguistic memory. In the modern Macedonian language, after all, the case

forms are preserved in the structure of relative pronouns. Both French and English are analytical, so that does not mean they are identical to Macedonian.

Dozens of dialects are embedded in the structure of the Macedonian language. Macedonian language has also been established as a complex of linguistic scientific disciplines that study the Macedonian language as a system, as a composition of dialectical practices, as a linguistic-historical category, with its own grammar (phonology, morphology, syntax, semantics, dialectology) and stylistics, with its own memory, cultural and spiritual code. The esteemed Bulgar Academy of Sciences would be well placed to invoke international atlases whose work demonstrates scientific objectivity, acrobaticity and impartiality. It is not enough to use data embedded in the Bulgar dialect of Bulgarian. The Macedonian dialects extend beyond the borders of today's Republic of Macedonia and this fact is legitimate and recognized by international and Slavic dialectology. Scientific consciousness should be subtle and sensible, not indifferent to evolutionary processes and new constellations and knowledge.

There is no turning back, esteemed colleagues: the Macedonian language exists and is recognized in all international institutions, registers, documents, atlases ... The sooner you accept it, the sooner you will overcome your own prejudices, animosities, and stigma of the distant past, which for us is under the recognition of the old Slavonic literacy of the Macedonians, and for you under the recognition of the old Bulgar literacy.

With all due respect to your history in the Bulgar language, we also expect your respect for the history of the Macedonian language. We will not go back to the older periods and Bible narratives, when mankind may have spoken in one language, and in that context, perhaps even our nations. We are interested in observing the modern scientific paradigms, and they have unambiguously incorporated the Macedonian language as a legitimate representative of the large group of Slavic and Indo-European languages. Let the finesse of historical evolution, as a reflection of the finesse of collective consciousness, be the subject of further scientific study.

The Macedonian and Bulgar languages were closer when we had a closer and more civilized dialogue between peoples, cultures and people. It is an indication that the more our worldview differs, the more our languages will differ. No natural language is an artificial creation, though it is codified within state institutions, on the suggestion of scientists. In the modern Macedonian language, a picture of a world different from that of the Bulgarian one is reflected. If we continue to live in different, irreconcilable,

opposing worlds, our languages will experience even greater differences, as well as our images and experiences with the world.

For the last 70 years the Macedonian and Bulgar languages have been moving away from each other intensively, because the communication between the Macedonian and Bulgarian people was kept to a minimum, and languages can only influence one another if there is rich and free communication between people and institutions. Contemporary and future Macedonian-Bulgar communication and intercultural exchange cannot be fostered by a policy of disrespect for real social circumstances.

BAN is exopected, as the leading and reference scientific institution of the Republic of Bulgaria to recognize the existence of the Macedonian language, not because the Macedonian language without that recognition will not exist and develop, but because it is a precondition for a balanced and civilized dialogue between modern peoples. Because, doesn't, the live dialogue is led by living people, in modern and current circumstances, thinking of the near future, not the ghosts of the past, not the unrealistic quasi-romantic platforms.

Political memory is selective, but linguistic memory is layered and rich. It does not depend on political will and correctness, but extends beyond daily political interest. Language memory has its principles, spiritual, noble, creative, moral, emotional, not to mention sacred. It is not the time to accuse linguistic reality with negatives and abuses. It is time for mutual respect for the good of both nations. For the common good - a category we rarely forget, always at the expense of what we are here-and-there and what we can be in the near future.

It is really hard to comprehend how one nation that has such explicit romantic emotions towards the other and identifies with the other, still lends itself to such explicit negative rhetoric (if Macedonians are Bulgars, then by that logic, Bulgars are Macedonians, no matter how they might call themselves!)!

Great minds always find ways even where's not one to find, but you, I have the impression, are about to close those existing roads and those that we have recently opened with the cooperation between the Bulgar and Macedonian academies. The Humanity Sciences are about rethinking history without bans, but you are proposing the ultimate solutions, bulgarocentric without exception. And we all know that today is not the time for centricisms, nor for Eurocentricism, let alone Bulgarocentricism.

After all, isn't beauty in the pluralism of perspectives? Should We Capture the Mind? Aren't the tragedies of the past enough, so we need new ones today?

Academician Katica ĆULAVKOVA

Skopje, 13.12.2019